Почитувани,

Ве информираме дека започнавме со промоција на  Kennedy-Lugar Youth Exchange & Study (YES) програмата за размена на ученици во средно училиште. Оваа програма за размена е целосно финансирана од владата на САД и се спроведува со поддршка на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Програмата, сега во својата деветнаесетта година, нуди можност на наши ученици средношколци да живеат во американско семејство и да учат во американско училиште во учебната година 2024-2025. Учеството во конкурсот и на програмата е бесплатно бидејќи финалистите добиваат целосна стипендија од Стејт Департмент.

Исто така ни причинува задоволство да објавиме дека оваа година учениците кои ги исполнуваат следниве критериуми се квалификувани да учествуваат во конкурсот:

- да имаат македонско државјанство и пасош;
- да се родени меѓу 1 јануари 2007 и 15 јули 2009;
- да бидат запишани во прва или втора година средно образование во септември 2023

Конкурсот за YES се состои од три фази: Првата рунда е онлајн апликација , по што следува краток тест за англискиот јазик. Кандидатите коишто ќе ја поминат првата и втората рунда ќе бидат поканети да учествуваат во полуфиналната фаза на конкурсот. Полуфиналната фаза се состои од средба со родителите, финална апликација, есеи, сеопфатен тест за познавање на англиски јазик, групна активност и интервју. Процесот на селекција се одвива во периодот од август до декември 2023. Конечни резултати ќе има приближно во април 2024.

Заинтересираните ученици можат веднаш да се регистрираат и да добијат известување преку email -кога ќе се отвори апликацијата во август 2023 на следниот линк: https://rb.gy/h8156.

Ве замолуваме да ги информирате сите ученици кои ќе бидат прва и втора година во септември 2023.

Доколку имате какви било прашања за програмата, ве молиме побарајте не на:
+389 30 76 522 или на нашата е-адреса yes.mk@americancouncils.org

Со почит,

Координатор на YES програмата

Весна Наумовска

"Maksim Gorki" 8/1-14; 1000 Skopje, North Macedonia; T + 389 2 30 76 522;
mk@americancouncils.org
DIB: 4030009055011 | www.americancouncils.org | northmacedonia.americancouncils.org